

"Непослушен"
110x140, масло на платно, 2007

# Дејан Арсовски



Дејан Арсовски е роден 1978 во Куманово. Дипломирал на Националната ликовна академија во Софија во 2005. Магистрирал на истата академија во класата на проф. Божидар Бојаџиев и проф. Станислав Памукчиев.

Учествувал на повеќе групни изложби, меѓународни колонии во земјава и странство.
Живее и работи во Куманово.

Адреса:
ул. "Димитрие Туцовиќ" бр.5
E-mail:
arsovskidejan@gmail.com



"Симпатична млада левичарка"
90x110, масло на платно, 2007



“Некаде во Куманово“
110x90, масло на платно, 2007



“Некаде во Копенхаген“
110x90, масло на платно, 2007



“Надеж“
50x70, масло на платно, 2003



“Пред шанкот“
110x90, масло на платно, 2007




“No 37“
70x50, масло на платно, 2002



“Спокој“
55x70, масло на платно, 2005



“Исчекување“
84x110, масло на платно, 2005



“Мечта на морнарот“
110x90, масло на платно, 2007



“Пред малата врата“
100x81, масло на платно, 2007



“Сирена“
110x83, масло на платно, 2006

Во последните  десетина години станува сé поголем бројот на млади ликовни уметници коишто својата ликовна едукација ја стекнуваат вон границите на Република Македонија. Како последица на овој тренд, со нивното враќање во Македонија, доаѓа до збогатување на македонската ликовна сцена и во квантитативна и во квалитативна смисла а стекнатите искуства стануваат богатства коишто се разменуваат и вградуваат во идните ликовни практики. Токму таквите искуства и знаења со нас ќе ги сподели магистрантот на Националната ликовна академија во Софија, младиот ликовен уметник Дејан Арсовски, кој претставувајќи се за прв пат во едно самостојно издание преку колекција од дваесеттина слики ќе се обиде да нé внесе во својот сликарски универзум. Сликите се работени во техниката масло на платно во периодот 2002-2009 г. и повеќе од јасно укажуваат на фактот дека авторот е во фаза на јасно дефиниран ликовен израз којшто, пак, е со тенденција на перманентно себеистражување во тематска смисла и постепено надградување во ликовно - техничка реализација. Многу уметници во своите трудови генерално завземаат две насоки, првата - обидот да се направи свој имагинарен афигурален апстрактен простор којшто ќе тргнува од интуитивните ресурси на творецот и втората - којашто тргнува од реалниот живот и животните искуства и којашто секогаш се потпира на фигурацијата сфатена како трезор на совршени облици креирани од природата. Арсовски ја преферира втората насока фокусирајќи се на човечката фигура како непресушен извор на инспирација преку кој може многу директно да се комуницира со пошироката публика. Забележителен е неговиот третман на женското тело коешто со сигурност е едно од најсовршените форми во природата, дадено во една мултидисциплинарна опсервација како облик, волумен, колорит и психичка состојба. Доминацијата на женската фигура не е присутна со идеја да предизвика некој еротски дискурс туку да ја потенцира пропорцијата и формата. Визурата е дадена од повеќе ракурси коишто  на гледачот му овозможуваат чувство на непосредно присуство а со тоа и директно внесување во атмосферата којашто е битен елемент на секоја слика на Арсовски. Од друга страна, уметникот секогаш во чинот на креирањето, свесно или не, вградува дел од себеси - начинот на којшто ги гледа и доживува ликовите што ги продуцира, сликајќи се и самиот во нив. Човечките фигури на овој млад уметник не се разубавени, тоа се фигури и фаци што ги среќаваме во секојдневниот живот со сите мани и убавини коишто тие ги поседуваат, со сите добри и лоши расположенија што ги носи животот, а кои делумно можеме да ги прочитаме од нивните лица. За поедноставна комуникација, авторот на некои слики става и одредени атрибути (волан, буре, бр.37, знамиња и др.) коишто треба заедно со насловот да ја откријат идејата и да му дадат насоки на конзументот. Композицијата и цртежот се академски избалансирани, со одличен контраст на релација фигура-позадина,  а во дел од нив потенцирана е перспективата (Пред малата врата), надреалната поставеност (Мечта на морнарите, Влубени) како и ангажираниот пристап преку отварање на актуелни прашања (Непослушниот, Мајка со деца, Симпатична млада левичарка...). Боите се чисти и благо нијансирани од посветли кон потемни кога треба да се ставаат во функција  на доловување на волуменот. Иако на моменти во концептот на оваа ликовна продукција наоѓаме допири со стрипот и плакатот, сепак, можеме да констатираме еден формиран ликовен код којшто Дејан Арсовски секогаш ќе го прави препознатлив. Во таа смисла и првото негово претставување ќе биде забележано од ликовната публика и критика како зачекорување на едно ново име на македонската ликовна сцена кое човечката фигура  ја става во центарот на своите ликовни истражувања.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

*Издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово*

*За издавачот: Роберт Павлевски, Организација: Роберт Цветковски, фотографии: м-р Зоран Арсовски, м-р Дејан Арсовски*

*Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски, Печати: "Киме-Граф" Куманово, тираж: 300*

*Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија*